АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 22-11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5284 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 31 октомври 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 ноември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на телевизија);
- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);
- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 31 октомври 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (половина од

изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик, треба да ја емитува во периодот од 7.00 до 19.00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 31 октомври 2017 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7.00 до 19.00 часот не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 50% изворно создадена програма во РМ на македонски јазик. Со надзорот е утврдено дека на 31 октомври се емитувани вкупно 20 часа 29 минути и 41 секунда програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма. Законскиот минимум (50% од тоа време) за емитувана изворно создадена програма во РМ на македонски јазик е 10 часа 14 минути и 50 секунди.

Половина од законскиот минимум (од 10:14:50) е 5 часа 7 минути и 25 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 4 часа 14 минути и 34 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 52 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 31 октомври 2017 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик, во периодот од 7.00 до 19.00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***